

| Риска + | Никола + | Љубе + | Стојан + | Илија | Ротка + | Тодор | Стеванка + | Делко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

xxx



| Љубе | Биљана | Николина | Македонка | Стојанче | Елена | Бранислав | Анѓелко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

# 53. Циљоој

**Циљоој** е **нов** род од Лешок, на кој домашна слава е **Митровден**. Родот се јавува под име Циљоој.
Овој род има врска по **женска** линија со родот Лалошоој од Лешок. Имено, Марта ( 07), е ќерка на поп Китан, а сестра е на поп Симон и Дамјан од четвортото колено од родот Лалошои (Лалошоој).
Марта( 07), ќерката на поп Китан се мажи за Филип од Копањце. Зетот Филип доаѓа за домазет во Лешок и со Марта формираат нова фамилија, која подоцна прераснува во **нов** род **Циљоој**.
Филип и Марта, имаат син Димитрие(16), кој ги има синот **Златан** (31) и ќерката **Тода** (30), од кои се шири потомството. **Златан** Димитриевски **и неговите потомци** ги ословувавме со **Циљо** односно **родот** го нарекуваме **Циљоој.**
Дедо **Златан** и баба **Златаница** јас лично ги знам, а ги знам неговите три деца: Момчило (94)**,** Трпо(95) и Благуња(96). Ја знам и баба Тода, сестра на дедо Златан, кога доаѓаше во Лешок.
**Момчило** не формираше семејство.
**Трпо** Димитриевски, роден 1934 год во Лешок, има три деца: Борка, Снешка, од првиот брак и Ѓорѓи од вториот брак со Кита, која го донесла со себе како дете.
Денес, 28 септември 2025 година, аџо Трпо живее со синот Ѓорѓи, во новата куќа, има 91 год.
**Ѓорѓи**(287) Димитриевски има син Горан и ќерка Кристина, која е манекенка. Борка има две деца: Елена и Мирко, а Снешка има две ќерки: Јованка и Катерина. Гоко во 2024 година го продаде местото до неговата куќа и сопствениците изградија неколку куќи.
Потомците на **Тода**(30) и **Благуња**(96), не ги знаев, бидејќи беа омажени, а некои од нив во возрасни години ги запознав и затоа за нив не пишувам во оваа книга.
Само ќе ги споменам **Благоја Мирчески**(275) и **Томче**(277), синови на Дамјан(88), кои се внуци на Тода(30), која е мажена во Тетово, а кои ги запознав пред неколку години.
Благоја Мирчески со сопругата Олга имаат ќерка Теодора Мирческа(679), ликовен уметник и син Дамјан Стирнер(680).
Пред некоја година на ФБ порталот се спријателивме со Горан Меглиќ, од Белград, кој е син на Славјанка(89), ќерка на Тода(30) од родот Циљоој од Лешок, а која е мажена за Мило од Старо село, кои имаат 6 деца: Дамјан, Славјанка, Мино, Перса, Крсто и Слоботка.
За родот Циљоој имам текст во Моите книги ( Р. бр. 1 и 22, стр. 553-554, во ТОМ-1 и во Прилог, Таб. бр. 1 и 30, стр. 951 и стр. 1150-1154 во ТОМ -2 ). http://spiroski.com.mk/
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 64, 128-129, 151-152, 211, 223, 266, ), **Димитрие, Лалошоој, Митровдн, род, слава, Циљоој,**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  |  | |
| Трпо | Ѓорѓи | Горан | Благоја | Теодора | Дамјан | Горан | Кристина | |

# 54. Цинцарооj

**Цинцарооj** е **нов** род од Лешок, кој е доселен од Сетоле. Родот се јавува и под име Цојооj и Кујооj, но, дали е така лицата од овој род ќе треба да го утврдат. Домашна слава е **Пречиста**. Куќата е под Бања во Бакар маало. ( Р. бр. 8, стр. 83 – 85 ).

Од овој род го знам дедо Форче Богдановски, кој го викаа Форче -Цинцар, а се сеќавам кога работеше и неговата меана, која ја викавме Форчео меанче.

Таткото на дедо Форче се викал Столе и имал пет деца: синот Форче и ќерките Фона, Гуга и Доца. Баба Фона беше омажена во Коларооj, а за другите не знам. ( Р.бр. 8, стр. 83-85 и 300-301).

Форче имаше два сина: Блаже и Столе и две ќерки: Нада и Даница и сите ги знам.

Столе остана во Лешок и со сопругата Славка од Пауноој имаат два сина Лазо и Иљчо, а Блаже се пресели во Тетово и има два сина Драго и Борче.

Лазо Богдановски со Дивна од Кокооj од Лешок имаат син Стојанче и ќерка Елена. Иљчо Богдановски со сопругата Светлана, мед. сестра од Теарце, имаат ќерка Славица и син Ивица.

Од овој род посебно ќе го споменам Столе Ф. Богдановски, кој имаше фотоапарат и направи преку илјада прекрасни фотографии, со мотиви од Лешок и Шара.

За Столе Богдановски напишав посебен текст во моите две книги Лешок во фотографии, Види ( Р. бр. 5 и 15, стр. 95-103 ), а може да се види и во книгите, (Р. бр. 1 и 22, стр. 535-538 во ТОМ -1 и во Табела бр. 19-б, стр. 1085-1089 во ТОМ-2 ). Столе Богдановски и двата сина на Блаже, Драго и Борче Богдановски играа за ФК Оникс и дадоа голем придонес за фудбалските успесите на ФК Оникс од Лешок. Види, поглавија за ФК ОНИКС, Лешок ( Р. бр. 3 и 23 , стр. 129 – 166).

Посебно ќе го истакнам Борче Б. Форчевски, кој прво играше фудбал за ФК Оникс, Лешок и даде голем придонес за неговите успеси, а потоа успешно играше за ФК Тетекс, Тетово во Македонска лига и во Втора фудбалска лига на Југославија, за што имам запишано во моите книги. Борче ги вклучи во спортот и одбојката и неговите две ќерки Светлана и Лидија Форчевска, и не случајно Борче Форчевски, го сврстив во Спортските великани на Лешок. Види, ( Р. бр.3 и 23 , стр. 300-310).

Драго Богдановски, беше правник во ГП Гранит,Скопје. Драго беше многу добар шахист и се натпреваруваше за Шаховски клуб од Тетово на ниво на Македонија. Со Драго играв шах неколку пати на Солишта на бунарот на Лешочката река и само од Драго изгубив неколку партии, а со другите Лешани победував. ( Р.бр. 2 и 23, стр. 270-272 ). http://spiroski.com.mk/

**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр.125,169-170, 199, 211, 212, 223, 260, 266-267, 267,), **Кујооj, Оникс, Пречиста, род, рот, слава, Форчео меанче, фудбал, Цинцарооj, Цојооj,**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  |  |  |
| Форче + | Борче + | Столе + | Драго + | Лазо | Стојанче | Светлана | Славица | Благоја |